## Aksion Plus, Албанија

Aksion Plus работи на издигнување на јавната свесност за превенција на СИДА во Албанија. Ги поддржува луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА, корисниците на дрога и другите ранливи групи при нивното интегрирање во општеството, и регрутира интелектуалци, млади луѓе, доктори, социјални работници, учители и други со цел да ја прошири поддршката за своите иницијативи за нови политики во областа на превенција од и третман на СИДА/СПИ.

Aksion Plus уште и дава услуги на луѓе кои се на ризик од зараза со ХИВ. Иако организацијата е поврзана и со сексуалните работници кога работи со групи на ризик, учеството во SWAN мрежата за нив претставува првиот фокусиран приод кон прашањата околу човековите права и пристапот до јавни здравствени услуги особено за оваа маргинализирана група.

Контакт лице: Genci Mucollari
Ел. пошта: gencaxionp@albmail.com
Вебсајт: www.aksionplus.net

## Фондација за здравствен и социјален развој (Health and Social Development Foundation (HESED), Бугарија

Мисијата на HESED е спроведување на активности за промовирање на здравјето и за стимулирање на социјалниот развој на загрозените групи и заедници во Бугарија. Главни целни групи им сексуалните работници, Ромите и мажите кои имаат сексуални односи со мажи.

Во 1997, HESED беше првата бугарска организација која почна да се фокусира на проблемите на сексуалните работници во таа земја. Теренската работа се базира на достапност, анонимност, доверливост, и професионализам. Членовите на тимот се професионални психолози и социјални работници. Тие нудат бесплатни услуги како на пример здравствена едукација и консултации; бесплатна дијагноза и третман на СПИ; бесплатни дермато-венеролошки медицински контроли во мобилна медицинска единица; делење на специјално дизајнирани едукативни материјали, на кондоми и лубриканти; упатување и придружување до здравствени социјални услуги; намалување на штети, замена на игли и шприцеви и обука на едукатори од нивните редови.

Контакт лице: Anastas Mihaylov
Ел. пошта: prohealth@hesed.bg
Веб сајт: www.hesed.bg

## Bliss without Risk, Чешка Република

Bliss without Risk е основана во Прага во 1992, како одговор на бумот од сексуални работници по промената на режимот во 1989. Главните цели на оваа НВО се превенција на ХИВ и СПИ кај сексуалните работнички, овозможување на основна здравствена грижа (ХИВ и СПИ тестирање, за некои инфекции и дијагноза, третман), поврзување на сексуалните работници со релевантните здравствени служби, и давање на психосоцијална помош. Во 2005, Bliss without Risk отвори втор центар (во Брно), но заедно со својот прашки центар и мобилната амбулната, тие ги покриваат потребите на сексуалните работници на национално ниво.

Оваа НВО е отворена за споделување искуства, и има развиено проект со мобилна единица за сексуални работници во Зимбабве (оваа единица беше основана од чешката влада). с

Контакт лице: Hana Malinová

Ел. пошта: rozkos@volny.cz
Веб сајт: http://www.rozkosbezrizika.cz/01_htm/100_ENGLISH.htm

**Асоцијација за заштита на интересите на унгарските проститутки (Hungarian Prostitutes' Interest Protection Association), Унгарија**

Асоцијацијата за заштита на интересите на унгарските проститутки (Hungarian Prostitutes' Interest Protection Association - HPIPA) е основана 2000, скоро откако проституцијата беше легализирана во Унгарија. Оваа НВО започна со работа со цел да ги претставува интересите на сексуалните работнички во неповолна состојба, а во 2002, хомо- и транссексуалните работници се приклучија кон асоцијацијата. HPIPA има за цел да ги заштити правата на сексуалните работници и да им помогне на оние кои сакаат да се откажат од оваа работа, да поминуваат колку што е можно помалку време проституирајќи се. За да го постигне ова, HPIPA има бесплатна правна служба и 24-часовна телефонска линија на која дава помош и советување за здравствени и социјални прашања, промовира безбеден секс, имплементира проекти за обука за неквалификуваните сексуални работници и се залага за почит на нивните права. Неодамна, HPIPA (со поддршка и соработка од државата) започна да работи со мобилна единица за тестирање ЗА ХИВ  и СПИ.

Контакт лице: Марта Гергович
Ел. пошта: gergovics.marta@freemail.hu
Веб сајт: www.prostitualtak.hu

**Центар за женски права (Women's Right Centre), Казакстан**

Мисијата на Центарот за женски права е да помага при законската реформа во Република Казакстан, да ја развива конституционалната држава и граѓанското општество, да го подобри нивото на законската писменост на населението, да се залага за правно знаење, да ги штити правата и интересите на населението, човековите права, како и да понуди советување и друг тип на правна помош за да им помогне на граѓаните и правните лица.

Приоритетите на организацијата се:

1. Заштита на правата на жената;
2. Заштита на правата и интересите на децата;
3. Заштита на правата на социјално ранливите групи од населението, вклучувајќи ги и луѓето кои живеат со СИДА, КСР, геј популацијата, корисниците на дрога, затворениците, итн.;
4. Анализа на казакстанските закони во однос на нивната прилагоденост со нормите на меѓународното право и развој на препораки за нови закони и механизми за нивно имплементирање;
5. Застапување и промоција на интересите на своите целни групи, нивната подвижност и вклучување во процесите на одлучување кога се во прашање проблеми кои ги засегаат;
6. надгледување на имплементацијата на човековите права, и следење на јавните гласила.

Контакт лице: Вера Сергунина
Ел. пошта: vsergunina@mail.ru, womenright@os.kz, womenright@mail.ru

**Tais Plus, Киргистан**

Слабата инволвираност на заедниците е еден од главните проблеми во запирањето на ХИВ/СИДА епидемијата во Централна Азија. НВО Tais Plus беше основана 1997 година, за да се справи токму со овој проблем. Заснована е врз иницијатива и финансиска поддршка од сексуални работници.

Оваа НВО правни многу за издигнување на свесноста на киргиското население преку разни семинари, обуки, и теренска работа – што се состои не само од дистрибуција на информативни материјали и кондоми, туку и едукации. Активностите поврзани со односите со јавноста, преку националните и интернационалните масовни медиуми, играа важна улога во нивната работа, преку што беа во можност да развијат единствени материјали за заштита на човековите права на луѓе со ХИВ/СИДА.

Главната цел на Tais Plus е развој на организација која ќе ѝ припаѓа на заедницата и која ќе биде способна да се заложи за интересите на сексуалните работници и правата на луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА.

Контакт лице: Гулнара Курманова
Email: gkurmanova@yandex.ru

**DIA+LOGS, Латвија**

DIA+LOGS е првиот drop-in центар со низок праг [1] во Латвија, создаден да им помогне и да ги поддржи луѓето кои живеат со ХИВ / СИДА и групите кои се најизложени на ризик. Тоа е контактен и центар за поддршка на луѓе кои живеат со ХИВ/СИДА и нивните семејства. Им дава информации, духовна, психолошка и социјална поддршка. Понатаму, тоа е информативен и ресурен центар за луѓе заинтересирани за и кои работат во ХИВ/ СИДА секторот.

DIA+LOGS е непрофитна НВО основана 2002 како заеднички напор на латвските НВОи AGIHAS (Латвиска група за само-поддршка на луѓе кои живеат со ХИВ/СИДА) и LCG (Латвиска контакт група за урбана, индустриска и рурална мисија). Во својот одбор има претставници од главните заинтресирани страни и актери од ХИВ/СИДА областа во Латвија.

Контакт лице: Рута Каупе, Директор
Ел. поштал: dialogs@diacentrs.lv

______

[1] Овој пристап има за цел да допре до што повеќе зависници со проблематични навики на користење и тоа што порано, за да остане во контакт со високо проблематичната група на корисници на дрога, така спречувајќи здравствени штети, без притоа да инсистира на апстиненција. Услугите со низок праг се единствена можност за давање на специфични здравствени услуги, од типот на едукација за побезбедно користење на дрога, кампањи за вакцинација, и сé повеќе, третман од инфективни болести.

Види http://www.emcdda.eu.int/?nNodeID=5778

**Коалиција Можам да живеам (I Can Live Coalition), Литванија**

НВО коалицијата "Можам да живеам (I Can Live)" се залага за рационална државна политика во областа на човекови права кај ранливите групи во Литванија, меѓу кои има пациенти со зависности, КСР, луѓе кои живеат со ХИВ/СИДА, и бивши затвореници. Со цел да се намали стигмата и дискриминацијата на овие маргинализирани групи, коалицијата ги едуцира изготвувачите на политиките и јавноста за проблемите и ризиците на ранливите групи преку јавни дискусии, конференции и контакти со медиумите. Коалицијата исто така се вклучува и во иницијативи за нови политики преку анализирање на постојните закони, организирање на истражувања и анкети, и развој и промоција на нови политички иницијативи.

Контакт лице: Лина Ферсекаите
Ел.пошта: lina_verseckaite@yahoo.com

Веб сајт: www.galiugyventi.lt

**ХОПС – опции за здрав живот Скопје (Healthy Options Project Skopje - HOPS), Македонија**

HOPS започна со работа во 1997 година, развивајќи програми за намалување на штети чии активности се насочени кон ранливите групи како што се корисници на дрога, сексуални работници и нивните семејства. HOPS работи на давање директни услуги, промоција на човекови права, застапување, лобирање и создавање поддржувачка средина на маргинализираните групи. Добро соработува со различни владини министерства, агенции, други групи од граѓанскиот сектор и медиумите.

Програмата за поддршка на сексуалните работници започна во Јануари 2000 со активности и интервенции насочени кон уличните сексуални работници и нивните семејства во Скопје. Во текот на досегашното работење, преку оваа Програма ХОПС разви теренски активности преку промовира и поддржува безбедно однесување на индивидуално и локално ниво, и увидувајќи ги потребите разви сервиси за подобрување на социјална и здравствена состојба на сексуалните работници, кои воедно работат и на овозможување и подобрување на комуникацијата со релевантните социјални, здравствени и правни институции и организации.

Контакт лице: Марија Тошева
Ел.пошта: marijat@hops.org.mk
Веб сајт: www.hops.org.mk

**TADA, Полска**

TADA ја имплементира програмата за намалување на штети која ги има за цел КСР во 4 Полски градови и региони – Штеџин, Гдањск, Желона Гора, и Варшава. Нејзните целни групи се машки и женски сексуални работници, макроа, и нивните корисници.

TADA промовира здравствени и услуги за превенција на ризици и намалување на штети преку теренска работа, бесплатна дистрибуција на лифлети, кондоми и лубриканти. Организацијата е активна во областа на јавна едукација и заложување за проблемите за ХИВ/СИДА/СПИ. Во своите програми соработува со локалните власти, државните институции, и Европската Комисија.

Контакт лице: Јустина Собејко
Ел.пошта: justynasobejko@poczta.fm
Веб сајт: www.tada.pl

**Романска асоцијација против СИДА (ARAS-Romanian Association Against AIDS), Романија**

ARAS е невладина, аполитичка, волонтаристичка, непрофитна организација, основана во Букурешт 1992 од група луѓе, повеќето од нив студенти, загрижени за големиот број на ХИВ случаи откриени кај деца и за целосниот недостиг од превентивни услуги.

Од 1999 ARAS ја води првата програма насочена кон сексуалните работници во Романија. Нивната Ноќ-по-Ноќ програма се базира на теренски активности насочени кон ранливите и скриени населенија вклучени во сексуалната трговија во Букурешт. Од 2001 компонента за намалување штети за интравенозните корисници на дрога и КСР е додадена кон програмата, па така на улиците на Букурешт сега има услуги за замена на шприцови, алкохолни памукчиња, вакцинации, итн.

Контакт лице: Мариан Урсан, Координатор на проектот
Ел. пошта: marian.ursan@arasnet.ro
Веб сајт: www.arasnet.ro

**Хуманитарна акција, Русија**

Луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА, улични деца и тинејџери, луѓе кои злоупотребуваат дрога и сексуални работници – ова се групите во незавидна ситуација со кои Хуманитарна акција успешно работи уште од 2001. Организацијата има за цел да ја намали брзината на која се шири ХИВ/СИДА, и да им помогне на оние во неволја за пристап до здравствени услуги, правна, социјална и психолошка помош, и за интеграција на овие групи во општеството.

Оваа организација со седиште во Санкт Петерсбург е во партнерство со други НВОи, владата и јавните здравствени организации со цел да им овозможи на своите целни групи максимално поедноставен пристап до услугите. Ги цени слободата за избор на начин на живот и вклучува претставници од своите целни групи во менаџирањето на програмата.

Контакт лице: Лудмила Јакхонтова
Ел.пошта: yakhontoval@peterlink.ru
Веб сајт: www.humanitarianaction.org

## Сибирска Иницијатива, Барнаул, Русија

Сибирската Иницијатива е активна повеќе од 10 години. Денес,организацијата работи во три главни насоки: примарна превенција на ХИВ и употреба на дрога (примарно кај младите); соработка со специјалисти надлежни за надгледување и третман на социјално значајни епидемски болести; и развој на некомерцијалниот сектор и граѓански иницијативи. Во период од 10 години, најразлични фондации и организации фундираа околу 40 наши проекти. Од пред шест години организацијата спроведува и програма за намалување на штети за корисници на дрога што инјектираат и КСР, прва програма од таков вид во Алтајскиот регион.

Контакт лице: Алексеј Старостенко
Ел. пошта: sibin@alt.ru
Веб сајт: http://www.sibin.ru

## Асоцијација против СИДА - JAZAS, Србија

Основана 1991 година во Белград, JAZAS беше првата НВО активна во превенцијата на СИДА во бивша Југославија.
JAZAS ги насочува своите активности на превенција и едукација на младото население и ранливите групи, застапувајќи ги нивните права и давајќи им услуги. Од 2004, JAZAS ги вклучи сексуалните работници во своите целни групи. Има мобилна единица за поддршка која нуди советување, тестирање, и третман на сексуалните работници. Теренски тим (првиот организиран во државата за превенција на СИДА/СПИ) оди помеѓу КСР двапати неделно и им доставува кондоми и лубриканти, а и врши тестирање за ХИВ/СПИ. JAZAS дели едукативни материјали за сексуалните работници и организира обука за едукатори од редовите на своите целни групи како и семинари за сенситизација на локалните заедници поврзани со овој проект (полицајци, социјални и здравствени работници).

Контакт лице: Ана Крајнц
Ел. пошта: krajnca@hotmail.com
Веб сајт: www.jazas.net

## Ц.А. Одисеј (C.A. Odyseus), Словачка

Ц.А. Одисеј дава „услуги со низок праг" од професионални и експертски тимови на работници. Најчесто овие услуги се наменети за корисниците на дрога, поединците кои нудат сексуални услуги на улица и младите луѓе. Основана во 1997 година, организацијата дава услуги во полето на намалување на штети, има теренски

активности, поттикнува само-помош, воспоставува контакти помеѓу општата јавност и заедниците под зголемен ризик и се залага и ги претставува интересите на овие целни групи. Помеѓу нејзините главни проекти се и клубот за сексуални работници, теренска програма за намалување на штети и давање услуги, Центарот на заедницата Копчани и неколку улични фестивали.

Контакт лице: Лубица Торночвова
Ел.пошта: podchod@ozodyseus.sk
Веб сајт: www.ozodyseus.sk

**Сéукраинската асоцијација за намалување на штети, Украина**

Сéукраинската асоцијација за намалување на штети е непрофитна добротворна организација основана во Јуни 2002.

Асоцијацијата нуди поддршка на институциите и организациите кои работат во областа на изготвување и имплементирање стратегии за намалување на штети и развива, промовира и воведува нови приоди кон превенцијата од ХИВ/СИДА. Во својата работа, таа ги потенцира човековите права и дигнитетот и ги следи принципите дадени во меѓународните конвенции и другите документи за човекови права.

Денес асоцијацијата има 49 организации членки од целата земја.

Контакт лице: Олександр Остапов
Ел. пошта: harm_red@ukr.net
Веб сајт: www.uhra.org.ua